СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

**Бр. 17-322/2**
Скопје, 28.03.2022 година

Врз основа на член 6, во врска со член 13 од Деловникот за работа на Комисијата за стручни стоматолошки прашања бр.02-1404/1 од 07.11.2018 година, Комисијата за стручни стоматолошки прашања, на својата седница одржана на ден **28.03.2022 година,** ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Со оглед на состојбата поврзана со постојано намалување на потенцијално позитивни на корона COVID-19 и одлуките на Владата на Република Северна Македонија, Комисијата за стручни стоматолошки прашања го одлучи следново:

1.Најавените КСУ настани за 2022 година кои се прифатени и акредитирани од страна на Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Комората **од 01.04.2022 година до 01.05.0222 година** може да се одржуваат и во живо*, како и преку on line платформа ( на пр. ZOOM, Webex Meet и сл.), односно **со т.н. Хибрид модел** како за активните учесниците ( поканетите предавачи) така и за пасивните учесници.

2.Најавените КСУ настани 2022 година кои се прифатени и акредитирани од страна на Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Комората **од 01.05.0222 година** може да се одржуваат **исклучиво во живо за пасивните учесници**, додека ќе се остави можноста за активните учесниците(поканетите предавачи) и преку on line платформа (на пр. ZOOM, Webex Meet и сл.), односно со т.н. **хибрид модел** доколку постојат објективни причини за неможност на физичко присуство на најавениот поканет предавач, за кои организаторот треба да достави **писмено известување до супервизорот најмалку 24 часа пред почетокот на настанот.**

**Настаните задолжително се организираат согласно ажурираните* ***Протоколи на Влада ( Прилог 2)*** *за одржување на работни состаноци, обуки, курсеви и семинари и чие не/исполнување супервизорот на настанот ќе е должен да го потенцира во забелешката на супервизорскиот извештај.*

3. **Супервизорот** на Комората задолжително ќе е физички **присутен** на настанот и ќе ја следи регистрацијата и самиот тек на настанот, а истовремено организаторот е должен да му овозможи и следење на настанот и on line.

**Линкот** за следење на настанот организаторот е должен да го достави **до сите членови** на Комисијата за стручни стоматолошки прашања.

4. **Барањето за бар кодови** организаторите ќе ги поднесуваат **по завршување на настанот** со приложување на **Листа на присутни учесници.**

ул „Балзакова" бр. 32, Скопје
+389 (02) 3246 851/852
skm@skm.mk
www.skm.mk

**Листата на присутни учесници задолжително** мора да содржи име и презиме на регистриран учесник кој физички го посетил настанот и се регистрирал или кој во периодот од 01.04.2022 до 01.05.2022 година е евидентиран на листата на пријавени/ регистрирани учесници на on line платформа ( на пр. ZOOM, Webex Meet и сл.) на т.н. Attendance Reports и кои се сочувани до 30-ина дена по одржаниот настан на самата платформа.

**По доставување на Листата на учесници** на пртетходно наведениот начин службата на Комората на организаторот му доставува електронска листа на потребен број на бар кодови.

Организаторот по добивање на листата е должен **во табела** да ги поврзе електронските бар кодови со името и презмето на учесникот, бројот на неговата лиценца и бројот на бодови( согласно решението).

По составувањето на табелата организаторот е должен истата да ја достави до службата на Комората која ќе ги внесе бодовите на учесниците во нивното досие и ќе изготви фактура до организаторот.

**НАПОМЕНА:** Доколку организаторот го одржи настанот, а не располага **со доказ за присуство** и регистрација соодветен со бројот на пријавени пасивни учесници, а за кои ќе поднесе Листа на учесници и барање за бар кодови, **Стоматолошка комора на Македонија го задржува правото да не ги одобри бројот на побарани бар кодови.**

**Одлука** дали организаторот ќе ги врати или префрли на друг негов настан уплатените средства на име на котизација од страна на докторот на стоматологија кој не присуствувал, односно не се регистрирал на on line платформата е **оставена на самиот организатор и не е во надлежност на Стоматолошка комора на Македонија.**

4. За сите **понатамошни дејствија** кои Стоматолошката комора на Македонија ќе ги превзема преку Комисијата за стручни стоматолошки прашања, ќе се координира и усогласува заедно со акредитираните организатори, **согласно заклучоците и препораките на Влада на РСМ** , по што членовите на Комората ќе бидат известувани навремено и од страна на организаторите и од страна на Комората преку веб-страната.

5. Одлуката **ќе се достави до сите** акредитирани организатори кои учествуваат во Програмата за КСУ за **2022 година.**

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА,**

**Претседател,**

**д-р Маријан Денковски**

**Комисија за стручни стоматолошки прашања**

**Претседател,**

**проф. д-р Линдихана Емини**

**М.П.**

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
SHKUP
СКОПЈЕ